**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Помошник раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Секторот за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А**
**за примање на донација од УНОПС**

**Скопје, октомври 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за примање на донација од УНОПС**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје прима донација од УНОПС која се состои од:
-6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG) и тоа:

| | |
|---|---|
| **Автобус број 1:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00038<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. | **Автобус број 2:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00039<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. |

| | |
|---|---|
| **Автобус број 3:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00040<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. | **Автобус број 4:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00041<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. |

| | |
|---|---|
| **Автобус број 5:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00042<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. | **Автобус број 6:**<br>- број на шасија: NMC320LGBLBE00043<br>- марка BMC (BMC Otomotiv Sanayi ve Ticaret A.Ş. Commercial Vehicles)<br>- модел/тип: 12m Procity CNG<br>-година на производство: 2024<br>-вид на гориво: компримиран природен гас (CNG)<br>-боја на каросерија: сина<br>-места за седење: 27 + 2<br>Места за стоење: 69<br>Клима уред: инсталиран за работа при надворешни температури од +45°C до -27°C. |

-956 (деветстотинипедесетишест) садници на дрвја и тоа:

| количина | Видови дрвја/ висина /година | Македонско име | Англиско име |
|---|---|---|---|
| 30 | Acer campestre<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | клен | field maple |
| 81 | Acer heldreichii<br>Full std or M.S., H 2,5-3m+, G10/12 | планински јавор | Balkan maple |
| 20 | Acer tataricum<br>Full std or M.S. or S., H 2,5-3m+ | жестил | Tatarian maple |
| 34 | Aesculus hippocastanum<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | див костен | horse chestnut |
| 83 | Betula pendula<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бреза | silver birch |
| 92 | Carpinus betulus<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | воден габер | hornbeam |
| 112 | Cercis siliquastrum<br>Full std or M.S., H 2,5-3m+, G10/12 | јудино дрво | Judas-tree |
| 69 | Cotinus coggygria<br>M.S. or S, H 2-2,5m+ | руј | smoketree |
| 83 | Elaeagnus angustifolia<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | дива маслинка | oleaster |
| 81 | Fraxinus excelsior<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бел јасен | ash |
| 30 | Picea abies<br>F, H2/2,5m+ | смрча | Norway spruce |
| 18 | Platanus orientalis<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | чинар | Oriental plane |
| 80 | Quercus robur<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | стежер | pedunculate oak |
| 30 | Salix alba<br>Full std, H 3,5-4m+, G10/12 | бела врба | white willow |
| 35 | Sorbus aucuparia<br>Full std, H 2,5-3m+, G10/12 | јаребика | rowan |
| 20 | Taxus baccata<br>S, H 2/2,5m | тиса | yew |
| 58 | Tilia tomentosa<br>Full std, H 3-3,5m+, G10/12 | сребренолисна липа | silver linden |

- Физибилити студија за натамошно проширување на мрежата на централниот систем за топлинска енергија на градот Скопје, со студија за исплатливост, со цел подобрување на квалитетот на воздухот.

Член 2

Проценетата вредност на предметот на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.650.000,00 евра без ДДВ односно 101.458.500,00 денари.

Давателот на донација не е даночен обврзник.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице од УНОПС, со кој поблиску ќе се уредат намената и начинот на користење на предметот на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

Број _______
___________ 2024 година
С к о п ј е

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Согласно член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Град Скопје и УНОПС на ден 06.08.2024 година потпишаа Меморандум за разбирање со кој се согласија заедно да работат на проект кој има за цел подобрување на квалитетот на воздухот. Стратешкиот план на УНОПС 2022-2025, ја зајакнува посветеноста да придонесе со експертиза во проширување на капацитетот за имплементација за поддршка на земјите во развој и на нивните капацитети и бази на ресурси за Целите за одржлив развој, да им помогне на луѓето на кои им е потребна помош преку ефективна експертиза и да им овозможи на партнерите ефикасни проектни услуги. Донацијата од УНОПС, која се состои од автобуси со компримиран природен гас (CNG); садници на дрвја и Физибилити студија за натамошно проширување на мрежата на централниот систем за топлинска енергија на Скопје, со студија за исплатливост, со цел подобрување на квалитетот на воздухот на жителите на град Скопје.

Проценетата вредност на предметот на донацијата изнесува 1.650.000,00 евра без ДДВ односно 101.458.500,00 денари. За реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице од УНОПС, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација од УНОПС.